РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.CT.047.01

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА РАЗВОЈ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА ПЕРИОД 2022-2024 ГОДИНА

Февруари 2022

## Содржина

1. ВОВЕД ...... 6

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО РАМКИ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ...... 8

Човечки ресурси ...... 10
Функционална анализа во Царинската управа ...... 10
PEST анализа ...... 12
SWOT анализа ...... 16

3. ВИЗИЈА ...... 17

4. МИСИЈА ...... 17

5. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ...... 17

6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ...... 19

7 ГЛАВНИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕХ ...... 37

8 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ...... 37

9 ЗАПИСИ ...... 38

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | | **Прво издание** | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Референтни документи | |
|---|---|
| Референца | Наслов на документот |
| **Конвенции на Светската царинска организација, прирачници, компендиуми и други документи** | Меѓународна конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Kyoto Convention)<br>Аруша Декларација (Arusha Declaration) - Декларација на Советот за царинска соработка за добро владеење и интегритет во Царината<br>SAFE Рамка на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија (SAFE Framework of Standards to Secure and Facilitate Global Trade)<br>Компендиум за градење и развој на капацитетите на СЦО (WCO Capacity Building Development Compendium)<br>Партнерство во царинско академско истражување и развој (Partnership in Customs Academic Research and Development-Picard)<br>Компендиум за Овластен економски оператор (AEO Compendium)<br>Стратешки план на Светската царинска организација (WCO Strategic Plan 2019-2022) |
| **ЕУ стратегии, планови и други релевантни консултирани документи** | Стратешки план на Генералниот директорат за оданочување и Царинска унија 2020-2024 (Strategic Plan 2020-2024 DG Taxation and Customs Union)<br>European Commission's Customs Action Plan (September 2020)<br>Акциски план за олеснување на транспортот, Транспортна Заедница, септември 2021 (Action Plan for Transport Facilitation, Transport Community, September 2021) |

| | |
|---|---|
| | Стратешки план 2020-2024 на Европската канцеларија за борба против измама (Strategic Plan 2020-2024 of the European Anti-Fraud Office)<br>ЕУ ревидирани патокази за подобра Царина (EU 'Customs blueprints) |
| **EU Програма Customs 2021-2027** | Регулатива (ЕУ) бр. 2021/444 |
| **Договор за асоцијација и стабилизација (SSA)** | Извештај за напредокот на Република Северна Македонија подготвен од Европската комисија за 2021 година |
| **Национални стратегии и приоритети** | Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024<br>Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година (Службен весник на РСМ бр. 97 од 29.4.2021)<br>Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 (НПАА)<br>Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 година<br>Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024<br>Стратегија за реформа на даночниот систем 2021-2025<br>Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018-2022 година<br>Национална Стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси 2021-2025<br>Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2024)<br>Национална стратегија на Република Северна Македонија за борба против тероризам 2018-2022<br>Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за период 2021-2023<br>Национална стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025<br>Стратегија за интелектуална сопственост 2022-2026 |
| **Финансиски документи** | |
| **Светска трговска организација (WTO)** | Договор за олеснување на трговијата (Trade Facilitation Agreement (TFA)) |
| | |

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| НПАА | Националната програма за усвојување на законодавството на Европската Унија |
| ИКТ | Информатичко комуникациска технологија |
| ЦУРСМ | Царинска управа на Република Северна Македонија |
| ЦИ | Царинска испостава |
| DG TAXUD | Генерален директорат за оданочување и Царинска унија, Европска |

| | |
|---|---|
| | комисија |
| PEST | Метод на управување преку кој се оценуваат поважните политички, економски, социјални и технолошки надворешни фактори кои можат да влијаат на работењето |
| SWOT | SWOT анализата (strengths, weaknesses, opportunities and threats) е стратегија за стратешко планирање што се користи за да помогне да се идентификуваат предностите, слабостите, можностите и заканите поврзани со конкуренцијата или планирањето |
| MEOS | Management of Economic Operators System – Систем за управување со економски оператори |
| СОЦДАД | Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи |

# 1. Вовед

Стратегијата за развој на Царинската управа на Република Северна Македонија за периодот од 2022-2024 е подготвена во согласност со стратешките определби и приоритети изнесени во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 година, Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 (НПАА), Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година; Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024, Стратегијата за реформа на даночниот систем 2021-2025, Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018-2022 година, Националната Стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2024), Националната стратегија на Република Северна Македонија за борба против тероризам 2018-2022, Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за период 2021-2023, Националната Стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025, Стратегијата за интелектуална сопственост 2022-2026.

При дефинирањето на стратешките цели е земена предвид и одлучноста и посветеноста на Европската унија со даночните и царински политики да се овозможи поддршка за економско опоравување од кризата со COVID-19, да се подигнат царинските администрации на повисоко ниво на модернизација, со напредна екипираност која овозможува подобра заштита на граѓаните и општеството и ефикасно и проактивно делување на царинските служби според современите пројавени предизвици диктирани од глобализираниот и дигитален свет.

Фокусот на делување во Царинската унија на европско ниво соодветствува на приоритетите што се поставени во светски рамки од царинските администрации членки на Светската царинска организација. Планираните активности се сконцентрирани на организиран пристап во сегашните услови на пандемија, координирано да се управува со границите, да се зачува и подигне степенот на сигурност и безбедност, да се прилагодуваат постапките според електронската трговија во подем, постојано да се засилуваат капацитетите, да се практикува мерење на ефикасноста, да се внимава на етиката, да се напредува прогресивно во преминот кон дигитална Царина и во поголема мера да се применува анализа на податоци. Се очекува исто поголем ангажман на Царината во заштитата на животната средина, со насочување на царинските операции кон спречување и сузбивање на криминалните дејствија што ја загрозуваат животната средина.

Претстои дополнителен ангажман за поедноставување на законските прописи и оптимизација на царинските контроли, отстранување на административни бариери, примена на дигитални решенија.

Со оваа Стратегија се поставуваат одредници за развојно движење и прилагодливо делување кое подразбира подобро искористување на податоците (повеќе податоци и повеќе анализи за царински цели кои ќе го подобрат управувањето со ризик, постапките на царинење, контролата по царинење и сузбивањето на појавите на измама), примена на современи алатки и опрема и поблиска соработка со засегнатите страни и институции како предуслов за иновативно, ефикасно и паметно работење во услови на голем обем на трговски операции и значителни разоткриени случаи на измама и фалсификувани стоки.

## 1.1 Ангажман на Царинската управа според стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите од Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА)

Царинската управа активно се залага за реализација на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија што тежнеат кон современа и ефикасна државна администрација, јакнење на институционалните и административните капацитети и постојано воведување на нови повисоки стандарди во работењето:

- обезбедување на забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Корона вирусот;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија,
- развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- владеењето на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминал и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и
- заштита на животната средина, зелен развој и влијанието на климатските промени.

Стратешките приоритети на Царинската управа, исто така, кореспондираат со:

- Спогодбата за олеснување на трговијата од Светската трговска организација;
- Конвенцијата за заеднички транзит на Европската Унија;
- Приоритетите и Акцискиот план за развој на Регионален заеднички пазар во рамки на Берлинскиот процес;
- Приоритетите на Програмата за Open Balkan;

- Ревидираната Кјото конвенција за поедноставување на царинските постапки;
- Препораките од Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија во процесот на приклучување кон Европската унија;
- Ревидираната Аруша декларација за интегритет и борба против корупцијата;
- Меѓународната конвенција на Обединетите нации за борба против меѓународен организиран криминал;
- Приоритетите на Европското партнерство со Република Северна Македонија и најдобрите практики од странските царински организации со кои Царинската управа има склучено договори за административна соработка.

### 1.2 Усогласеност со одделните стратегии на Царинската управа со кои се дефинирани конкретни стратешки ориентирани активности во посебни области на делување

Оваа Стратегија се надоврзува на претходно реализираните активности и е комплементарна на стратешките активности дефинирани со одделните стратегии на Царинската управа кои се однесуваат на специфични домени на спроведување на мисијата на службата:

- Стратегија за развој на ИКТ на Царинската управа 2021-2025;
- Стратегија за управување со ризици за царински прашања 2018-2022;
- Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа на Република Северна Македонија 2019-2022;
- Стратегија за обука и развој на компетенции во Царинската управа на Република Северна Македонија 2021-2023;
- Стратегија за управување со човечките ресурси на Царинската управа 2020-2022;
- Стратегија за унапредување на статусот на Овластен економски оператор 2021-2023.

## 2. Анализа на состојбата во рамки на надлежностите на Царинската управа

Царинската управа на Република Северна Македонија како орган во состав на Министерството за финансии ги врши работите од својата надлежност согласно Законот за Царинската управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за акцизите, Законот за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за данок на додадена вредност, Законот за данок на моторни возила и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стоки, како и други закони со кои се регулираат други работи кои се во надлежност на Царинската управа.

Царинската управа ги извршува задачите во рамките на своите надлежности преку Централната управа – централна точка која ги координира и управува царинските надлежности на целата територија на Република Северна Македонија и царинарниците кои

координираат и управуваат со одреден регион, вршат царинско работење во патнички и товарен сообраќај и кои спроведуваат мерки за царински надзор, царинење, спречување на незаконски увозни, царински управни и царински прекршочни постапки, присилна наплата на царински давачки преку нивните организациони единици - царински испостави.

Работата се извршува преку основни организациони облици (сектори и царинарници) и внатрешни организациони облици (одделенија, служби, царински испостави и отсеци).

Главните области на работа на ЦУРСМ опфаќаат задачи поврзани со царини и акцизи (пресметка и наплата на давачки, надзор, контрола, царинење на стоки, истрага и разузнавање, наплата на парични казни) и други задачи утврдени со закон.




*Организациона шема на Царинска управа*

Царинската управа активностите ги финансира преку финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, преку буџетските програми 20-Царинска управа и 22- Унапредување на капацитетите на контрола врз примена на законите, како и преку потпрограмите на Владата МА-Помош при транзиција и институционална надградба и МБ-Прекугранична соработка. Дел од планираните активности се финансираат со кредит

од Светска банка, со средства обезбедени од донатори - ИПА фондови, билатерална и меѓународна финансиска и експертска поддршка.

## Човечки ресурси

Царинската управа има вкупно 1.226 вработени од кои 3 се доктори на науки, 65 се магистри, 702 се со високо образование, 12 со вишо образование, 426 со средно образование и 19 со друго образование. Од вкупниот број на вработени, 886 се мажи, а 340 се жени.

| Образование и група на службеници | Доктори на науки | | Магистри | | Високо Образование | | Вишо образование | | Средно образование | | Друго | | Вкупно вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Раководители | 2 | | 9 | 10 | 110 | 51 | | 1 | 14 | | | | 135 | 62 |
| Стручни службеници | 1 | | 21 | 22 | 355 | 147 | 8 | 1 | 218 | 46 | 1 | | 604 | 216 |
| Помошно-стручни царински службеници | | | | 1 | 7 | 8 | | 2 | 28 | 32 | | | 35 | 43 |
| Администра-тивни службеници | | | 2 | | 16 | 1 | | | 21 | 4 | | | 38 | 5 |
| Работници | | | | | 6 | 1 | | | 53 | 10 | 15 | 3 | 74 | 14 |
| ВКУПНО | 3 | | 32 | 33 | 494 | 208 | 8 | 4 | 334 | 92 | 16 | 3 | **886** | **340** |

Табела 1: Број на вработени според родова застапеност (состојба на вработени во месец октомври 2021)

## Функционална анализа во Царинската управа

Царинската управа за прв пат во 2020 година спроведе целосна функционална анализа со која ги опфати сите организациони единици и сите вработени во управата. Спроведената функционална анализа беше фокусирана на административните капацитети, анализирање на целите, функциите, структурата, процедурите и човечките ресурси во Царинската управа. Анализата која е дадена во извештајот содржи наоди и препораки во насока на подобрување на квалитетот на работењето на Царинската управа, со цел таа да ги оствари своите стратешки цели на најдобар можен начин.

Согласно методологијата беа разгледани состојбите во Царинската управа според три критериуми:

- Стратешка усогласеност на Царинската управа,
- Организациски капацитети и

- Извршување на работните задачи за остварување на резултати.

Методологијата за спроведување на функционалната анализа вклучи анализа на релевантни документи, детално истражување, прашалник за самооценување од страна на вработените, постојана комуникација со работната група од Царинската управа која беше формирана за целите на анализата, една воведна работилница со претставници на менаџерско ниво и состаноци со секој сектор посебно. Анализата се базираше на надлежности, планови, и ги опфати сите работни области, организација, распределба, способности, компетенции на вработените, преглед на функции и евентуална поделба на функциите со други институции.

Се идентификуваа функциите кои се извршуваат во Царинската управа според утврдени категории, и тоа:

- Функција на креирање јавни политики (стратешко планирање, регулатива, норми, анализа на јавни политики, планирање);
- Регулаторна функција (издавање лиценци, дозволи, акредитации, инспекции, контрола);
- Координативна функција (меѓу повеќе тела);
- Функција на давање услуги (на администрацијата или на граѓаните) и
- Функција на поддршка (финансиско управување, управување со човечки ресурси, ИКТ, обуки, ревизија).

Со наодите и препораките се наметна потребата од донесување на нов Правилник за внатрешна организација и работа на Царинска управа и нов Правилник за систематизација на работни места во Царинската управа, со кои се редефинираа работните задачи и надлежности и се направија организациски измени.

Сите измени во организациските единици се направени за подобрување на ефикасноста на работењето на Царинската управа. Посебно може да се издвојат измената во Секторот за акцизи условена од новодонесениот Закон за акцизи и Законот за данок на моторни возила, а со цел да се постигне зголемена контрола на акцизните обврзници. Одделението за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција премина во Сектор врз основа на очекуваните пристапни преговори со ЕУ, кои ова организациона единица треба да ги води. Поради зголемен број на нови фабрики и складови, зголемен е бројот на извршители во ЦИ Меѓународен аеродором Скопје, отсек стоково царинење, со што ќе се овозможи царинење на стоката која се сместува кај имателите на складови во оваа област и ќе се намали сообраќајот на товарните возила во царинските испостави кои се во внатрешноста на Скопје.

## PEST[1] анализа

Во опкружување на постојани промени Царинската управа треба да изнајде начин за соодветни решенија и спремно да одговори на предизвиците што се пројавуваат.

Работењето во претстојниот период и натаму ќе биде под влијание на околностите и можностите од политички, економски, социјален и технолошки аспект.

### Политички фактор

Царинската управа игра стратешка улога преку давање совети и предлози за одлуките што се носат на државно ниво во врска со трговијата и синџирот на снабдување и дефинирањето на идни политики. Во секојдневното работење и во сите преземни иницијативи настапува и како координатор помеѓу агенциите кои делуваат на граница и приватниот сектор.

Размената на информации, заедничкото изнаоѓање на решенија, учење од искуствата и споделувањето на знаењата се нешто што ги надминува разликите и помеѓу царинските служби и помеѓу институциите и води кон заеднички придобивки.

Царинската управа ќе ги следи владините определби за достигнување на „модерна и ефикасна администрација" и ќе го почитува принципот на „праведност во оданочувањето" поставен како еден од главните национални приоритети. Во секојдневното работење и преку сите планирани идни мерки и стратешки активности ќе тежнее кон „поголема ефикасност во наплатата на приходите" и обезбедување на забрзани и олеснети постапки во домен на нејзина надлежност, преку побројни и подостапни електронски услуги за граѓаните и деловните субјекти.

Во своето работно опкружување ќе ги надоградува информациските системи следејќи ги последните технологии и новите пројавени барања на Европската унија и современиот синџир на снабдување кој сè повеќе се ориентира и се карактеризира со висок степен на дигитализација. Мрежите и информациските системи играат суштинска улога во олеснувањето на прекуграничното движење на стоки, услуги и луѓе и Царинската управа со своите сопствени ресурси ангажирани во ИТ домен и со заеднички напори со други институции и Европската комисија ќе делува посветено и активно за навремена подготовка и прилагодување според условите диктирани од модернизираниот свет и високите европски стандарди.

Царинските прописи и делувања ќе соодветствуваат на среднорочната политика на Република Северна Македонија за поголема отпорност на економијата која се темели на

[1] PEST анализа – (political, economic, social and technological) метод на управување преку кој се оценуваат поважните политички, економски, социјални и технолошки надворешни фактори кои можат да влијаат на работењето.

повеќе платформи во периодот од 2021 до 2025 година и која вклучува ревизија на постојните договори за слободна трговија[2], кои овозможуваат повисок повластен тарифен третман и либерализација на трговијата.

Царинската управа ќе има ангажман и заслуга и околу придобивките што се очекуваат да произлезат од започнатиот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан кој е од регионален карактер и кој во првична фаза, покрај нашата земја ги вклучува и Србија и Албанија, а понатаму ќе се приклучат Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово. Проектот треба да придонесе за промоција на подлабока економска интеграција во рамки на регионот, намалување на трошоците за трговија и зголемување на ефикасноста на транспортот во Република Северна Македонија.

Се очекува зелените коридори иницирани токму од Царинската управа на Република Северна Македонија да бидат заедничко проширено залагање како исправно и во вистински момент направен чекор за општо добро. Започнати се активности за проширување на зелените коридори кон Бугарија и Грција. Овој концепт ги прави коридорите поефикасни за извоз, увоз и транзит на стоки, како зелени ленти што овозможуваат побрз транзит на одреден трансфер на потребната стока.

Според Договорот за основање на транспортната заедница (потпишан во 2017 година) се креираат национални и регионални политики и проекти за подобрување на транспортот на национално и на регионално ниво (надоградба на спогодби за гранични премини и нивна имплементација, заеднички премини со Косово и Грција, преземена обврска за подготовка на Закон за усогласување со законодавството на Европска унија за комбиниран транспорт).

Според регулативата на ЕУ за развој на трансевропската транспортна мрежа (ТЕН – Т), коридорите од основната мрежа треба да помогнат да се изгради инфраструктурата на основната мрежа на начин на кој ќе се решат тесните грла, ќе се подобрат меѓуграничните врски и ќе се подобрат ефикасноста и одржливоста. Тие треба да придонесат за подобра кохезија преку подобрена територијална соработка.

## Социјален фактор

За успешно соочување со ризиците и предизвиците анализирани од социјален аспект (закани по безбедноста и здравјето, дигитална економија, перење на пари), Царинската управа ќе се потпира на нови компетенции и пошироки стручни знаења, унапредена анализа на ризик и интензивирана соработка.

---

[2] Засега мрежата на примена на повластена трговија опфаќа 41 земја, што е регулирано со 6 договори: со државите од ЦЕФТА, државите на ЕФТА и земјите членки на ЕУ и билатерални договори со Турција, Украина и Велика Британија и Северна Ирска

Царинската управа со модернизирање на деловните процеси ќе пружи соодветен одговор на поголемата раздвиженост на луѓе преку граница, нивните потреби и очекувања и нивните права на достапност на информации и квалитетна јавна услуга.

Со модернизирањето на граничните премини каде Царинската управа презема обврски во претстојниот период, се поддржува спроведувањето на обврската што Владата ја има преземено околу обезбедување на „мобилност за сите“ со загарантирана пристапност до инфраструктура и возила за сите корисници, вклучително и за лицата со инвалидност и намалена мобилност (ЛНМ), и „развојот на мултимодален транспорт за стока и лица преку промовирање и олеснување на услуги и развојот на инфраструктури што придонесуваат за меѓусебно поврзување на мрежите“.

## Економски фактор

На економски план Царинската управа прилагодливо ќе настапува со придонес за економско закрепнување преку нови мерки за олеснување на трговијата, промовирање на концептот Овластен економски оператор, поедноставени постапки, скратено време и трошоци за спроведување на царинските формалности. Ќе соработува со приватниот сектор и ќе се усогласува со промените на електронската трговија. Флексибилноста и континуитетот во приспособување кон современата економија ќе бидат запазени принципи во стратешкото делување.

Со идните чекори за поедноставување и олеснување на царинските постапки Царинската управа ќе се придружи кон заедничките заложби на сите царински администрации кои ќе работат на нормализирање на протокот на трговијата што беше нарушен со пандемијата со COVID-19. Од Царината се очекува да допринесе за ублажување на последиците од здравствената криза и да даде поддршка на компаниите кои трпат последици и кои би можеле да се решат да се преорјентираат повеќе на производство на локално ниво и пласман на производи во потесни регионални рамки, каде би се потпирале на прилагодени постапки што поддржуваат непречени деловни активности.

## Технолошки фактор

Царинската управа ќе тежнее кон постојано воведување на нови технологии следејќи ги процесите на модернизација и ќе спроведе дополнителна дигитализација на царинските постапки. Размената на информации преку мрежи што се одлукуваат со интерконективност и интероперабилност и меѓународна соработка ќе допринесе за поуспешно спроведување на функциите на Царината во опкружување што се карактеризира со растечки степен на дигитализација. Ефикасното користење на податоци и нивна анализа останува да биде главна задача за достигнување на епитетот „Дигитална Царина“.

Се очекува и поддршка од „Дигиталната агенција“ која ќе се формира според подготвениот Закон за безбедност на мрежи и информациски системи и која се очекува да биде главен двигател на процесите кон дигитално општество и администрација.

**Надворешно опкружување**

По очекуваниот помал притисок на пандемијата би требало да уследи нормализирање на сега пореметените глобални синџири за снабдување и подобри економски текови и трговската размена.

**Внатрешно опкружување**

Соодветна организациона поставеност и соодветна екипираност на одредени организациони единици е императив за поголема ефикасност, модернизација и натамошно приближување кон европските стандарди.

Воспоставена е дигитализација на царинските постапки и работните процеси поддржани со бројни софтвери и апликации кои се надоградуваат и се надополнуваат со нови. Меѓу нив како поважни се издвојуваат:

- Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) кој овозможува интеграција со екстерниот и владиниот домен, по однос на сите области на царинското работење (увоз, извоз, транзит);
- Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) што користи напредни компјутерски технологии и електронска обработка на податоци и претставува современа алатка за спроведување на транзитната постапка, преку размена на електронски пораки помеѓу економските оператори и царинските испостави, како и помеѓу самите царински испостави.
- EXIM - електронски систем кој го користат 16 институции кои имаат надлежности во областа на надворешно-трговското работење и кој претставува едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки (како нецарински мерки);
- Интегрирана тарифна околина (ИТО) со следните опфатени системи: ТАРИМ (националната имплементација на ТАРИК - Интегрирана тарифа на Европската заедница), Европски задолжителни тарифни информации (ЕЗТИ), Систем за квоти, Систем за надзор, Европски попис на хемиски супстанци (ЕПХС) и Систем за управување со примероци.

## SWOT[3] анализа

Царинската управа ќе ги користи квалитетите, професионалноста, ресурсите, околностите и сите можности за развој и напредок и ќе се прилагодува кон промените на дигиталниот синџир на снабдување каде посебно се забележуваат промените во трговијата.

Основна стратешка цел ќе биде воспоставување на интероперабилност и интерконективност со европските системи, но и интеграција со системите на национално ниво.

Во искористувањето на можностите посебен акцент ќе биде ставен на постојаното консолидирање на ИТ системите и нивно надоградување и одржување според технолошкиот развој, што ќе овозможи подобар квалитет и поголема достапност на електронските јавни услуги како поволност за корисниците на услуги кои би биле растеретени од потребата со физичко присуство да ги исполнуваат своите обврски во рамки на царинските постапки.

Со имплементација на современи технологии ќе се унапредува и знаењето на царинските службеници кои би имале **можност за повеќе анализа и подобар надзор**. Системот на обуки треба да биде зајакнат за да може да ги следи потребите за стручно оспособување што ги наметнува дигитализацијата и модернизацијата воопшто.

Работните процеси ќе подлежат на оптимизација, рационализирање и доуредување со акти.

Мотивираноста на вработените и нивниот интерес за достигнување на повисоки професионални стандарди ќе се негува. Една од целите ќе биде и да се насочат активностите кон **обезбедување на повеќе царински експерти** кои би биле посебно важни при започнувањето на преговорите со Европската унија.

Царинската управа ќе се заложи и за подобрување на работните услови на своите вработени. Заложбите на овој план ќе се рефлектираат посебно преку конкретните планирани активности за надградба и прилагодување на инфраструктурата на граничните премини и нивните пропратни објекти според сите меѓународно воспоставени стандарди.

---

[3] SWOT анализата – (strengths, weaknesses, opportunities, and threats) е стратегија за стратешко планирање што се користи за да помогне да се идентификуваат предностите, слабостите, можностите и заканите поврзани со конкуренцијата или планирањето.




## 3. Визија

Да бидеме водечка Царинска управа во регионот што ќе биде признаена како докажан заштитник на границите и општеството и силен поддржувач на легалната економија, како модерна и иновативна царинска служба со целосно применети стандарди на Европската унија.

## 4. Мисија

Да ги заштитиме финансиските интереси, општеството и животната средина, истовремено поддржувајќи го економскиот развој преку соработка, олеснување и модернизација.

## 5. Принципи и вредности

Сите вработени на Царинската управа играат значајна улога во остварувањето на нејзините цели и зачувувањето на нејзиниот интегритет.

Царинската управа има за цел постигнување на високо ниво на доверба во јавноста и одржување и развој на организационата култура врз основа на следните принципи:

- Владеење на правото, еднаквост и праведност;
- Лидерство, професионалност, одговорност, чесност и транспарентност;
- Ефикасност, ефективност, достапност и доверливост.

При спроведувањето на законите и правилата, Царинската управа применува високи стандарди на однесување и основни вредности, како што се:

- Квалитетна услуга;
- Посветеност;
- Искреност и доверба;
- Солидарност;
- Мотивација и развој на човечкиот потенцијал и
- Тимска работа и корпоративен дух.

Сите вработени и раководниот кадар се лично одговорни за примена на овие вредности во нивната секојдневна работа, а нивното однесување влијае на угледот на Царинската управа.

Гореспоменатите принципи ќе бидат обезбедени преку примена на Етичкиот кодекс на однесување, годишните приоритети и планови, управувањето и контролата на финансиите, управувањето со безбедноста на информациите, контролата на работењето и оценувањето, внатрешната ревизија и дисциплинските и други постапки.

За периодот 2022-2024, целосно воспоставување на „Дигитална Царина" е еден од главните приоритети на Царинска управа, со што се придонесува во две насоки: олеснување на трговијата и засилување и подобрување на безбедноста на границите.

Во 2020 година се воведе и веќе применува бесхартиена извозна царинска постапка, а пилот проектот за бесхартина увозна царинска постапка навлезе во втора фаза, со што во 2022 се очекува и увозот да стане целосно бесхартиен. Со тоа значително се подобрија и ќе продолжат да се подобруваат услугите кон економските оператори што се вклучени во надворешно-трговското работење и ќе се намалат трошоците за извршување на царинското работење. За непреченост во поврзувањето за транзитот на стоки, Царинската управа ќе обезбеди унапредување на Новиот компјутеризиран систем за транзит согласно новите барања кои произлегуваат од Царинскиот закон на Унијата. Започнат е и во следниот период ќе биде имплементиран и проектот за воведување на Новиот едношалтерски систем.

Царинската управа има специфична улога и мандат во однос на нејзината позиција на граничните премини каде таа треба да има предоминантна улога долж целиот меѓународен синџир на снабдување со стоки и таа треба да обезбеди одржлива, безбедна и инклузивна иднина за сите. Во 2022 година Царинската управа ќе продолжи да работи на исполнувањето на глобалните императиви за справување со економските, еколошките, здравствените и социјалните предизвици, со зајакнати напори за поефикасно надминување на актуелните проблеми и потешкотии преку многу проактивни постапки.

Останува посветеноста да им се служи на граѓаните преку градење на силно и безбедно општество. Царината има клучна улога во примената на законските прописи што се однесуваат на главните општествени и економски предизвици со кои се соочува нашата

држава, како што се борбата против меѓународниот организиран криминал и тероризмот, борбата против трговијата со луѓе, оружје, дроги и спречување на перење на пари.

Идните делувања ќе бидат ориентирани кон обезбедување на просперитет - преку поедноставување на царинските постапки, намалување на времето и на трошоците за движење на стоките преку граница и поттикнување на трговските активности. Преку преземање на уште посилни мерки и контроли за борба против трговските измами и избегнување на плаќање на даноци, Царината треба да обезбеди државата да располага со потребните ресурси за финансирање на јавната инфраструктура и на услугите, а исто така ќе придонесе и за зајакнување на владеењето на правото и на стабилноста.

## 6. Стратешки приоритети

Стратешките приоритети на Царинската управа се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии. Земени се предвид и Акцискиот план за Царина на Европската комисија, Акцискиот план на Транспортната заедница[4], Акцискиот план на ЦЕФТА, Акцискиот план за Заеднички регионален пазар, како и другите меѓународни стандарди и најдобрите практики поврзани со Царината.

Царинската управа, согласно актуелните мерки и политики на ЕУ и Царинската унија, се стреми кон поголема иновативност и ефикасност и воведување на „паметни" царински процеси. Дејствата кои се планираат се во насока на надминување на клучните предизвици со кои се соочуваат царините на меѓународно ниво: порастот на примената на е-трговијата и дигитализацијата, излегувањето на Обединетото Кралство од ЕУ и Царинската унија, како и непредвидените случувања на глобално ниво (справување со последиците од пандемијата со COVID-19).

Традиционално, најзначајна улога на Царинската управа е **наплатата на увозни и други давачки и даноци**. Подеднакво важна и растечка е улогата на Царината во областа на **безбедноста и сигурноста**. **Заштитата на здравјето** и безбедноста на граѓаните и општеството останува да биде на врвот од дневниот ред. Царинската управа е на прва линија на одбрана **против нелегални и забранети активности**. Ќе остане посветена и на својата поширока општествена цел - обезбедување на **одржлив економски раст** преку зголемување на конкурентноста и инвестициите, подобрување на деловното опкружување и создавање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси. Ова ќе биде поддржано преку **олеснување, едноставни и транспарентни процедури** и во тесна соработка со бизнисот и трговијата.

---

[4] Transport Community-Транспортната заедница е меѓународна организација која делува во домен на мобилност и транспорт и која опфаќа 33 учесници-цела ЕУ и шест регионални партнери на Западен Балкан.

За достигнување на визијата, клучна важност имаат интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи, вклучително и интеграцијата на националните системи, како и посветеноста кон иновации и **модернизација** на администрацијата која подразбира понатамошен интензивен развој на ИТ и човечки ресурси, подобрување на условите за работа и одржување на високи стандарди за интегритет на вработените.

Целите и мерките за спроведување на стратегијата за Царинската управа се опфатени со подолу наведените стратешки приоритети, образложени во продолжение:

- **наплата на приходи и заштита на финансиските интереси;**
- **олеснување на трговијата;**
- **заштита на општеството;**
- **организациски и инфраструктурен развој.**

## 6.1 Стратешки приоритет „Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси"

Царинската управа е една од главните институции за наплата на давачки во државата – околу 45% од приходите во Буџетот на РСМ (царина, ДДВ, акциза, данок на моторни возила и други надоместоци). За успешност во оваа улога ќе се посвети посебно внимание на соодветна пресметка и ефикасно собирање на давачките, за нивно навремено собирање во согласност со сите релевантни закони, национални и меѓународни стандарди.

Системот за наплата е унапреден и е воведен нов модерен систем во функција, кој овозможува економските оператори своите обврски и уплати да ги гледаат директно во системот и доколку имаат заостанати или повеќе платени обврски, сами да имаат увид и да реагираат согласно законските прописи. Планирано е и воведување на е-плаќање во системот EXIM.

Системот за управување со гаранции е значајно подобрен од аспект на функционирање на системот во реално време и увид во состојбата на гаранциите од страна на економските оператори. Во рамки на СОЦДАД – МЕОС[5] е планирано да се вклучат и барањата за прифаќање и одобрување на гаранции и целата постапка да се води електронски (во моментов е во хартија), што значително ќе ја олесни и забрза постапката и ќе ги намали трошоците на економските оператори.

Согласно Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024, ќе се делува за фискална консолидација, посебно од аспект на „подобрување на наплатата на буџетските приходи, преку мерки за намалување на сивата економија и мерки за спречување и сузбивање на корупцијата".

**Стратешки цели:**

### 6.1.1 Обезбедување на ефикасна наплата на приходи

Активности на стратешко делување:

- Подобрување на електронската наплата на приходи преку понатамошно унапредувањена системот за наплата-обезбедување на услуга за електронско плаќање на надоместоци и административни такси за крајните корисници на EXIM, преку виртуелен POS терминал со безготовински платежни картички (засега, воведувањето на оваа можност е планирано за EXIM, но во иднина може да се планира и за останатите ИТ системи во Царинската управа);

[5] MEOS-Management of Economic Operators – дел од системот СОЦДАД

- Воспоставување на една сметка за плаќање на акцизите, за олеснување и упростување на плаќањето на акцизата за економските оператори кои се акцизни обврзници (наместо досегашните поединечни сметки за плаќање акциза за секој поединечен нафтен дериват, сите сметки се планирани да се обединат во една сметка), со повеќекратни придобивки: наместо уплати за секој дериват поединечно ќе се врши уплата на една сметка за сите деривати, со можност за брз поврат на погрешно платени сметки и сл.
- Електронско управување со гаранции (сега постапката на поднесување на барања за прифаќање и одобрување на гаранции се спроведува со документи во хартија);
- Усогласување на националната регулатива и развој на систем за воведување на А и Б сметки во согласност со регулативата и системите на ЕУ;

  Регулативата за А и Б сметки е со директна примена со денот на влез во ЕУ. Во следните 3 години ќе се работи на подготовка и прилагодување на системите на Царинска управа за воведување на А и Б сметките.
- Подобрена реализација на присилна наплата на давачките;

  Ќе следи дополнување на Законот за Царинска управа со кое ќе се регулира исполнување на царинскиот долг од наследник во случај на смрт на физичко лице како царински должник, со овозможен пристап на царинските службеници до базите на други институции, преку интероперабилност (Агенција за вработување, Матична книга на умрени и др., како и сите регистри утврдени со Законот за Царинска управа);
- Воспоставување на акредитирана и модерна Царинска лабораторија во согласност со стандардот за квалитет ISO 17025 (Општи барања за компетентност на лабораториите за тестирање), како и имплементација на стандардот ISO 17000 за акредитација на царинските службеници за земање на мостри на нафтени деривати.

## 6.2 Стратешки приоритет „Олеснување на трговијата"

Царинската управа останува посветена на процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ и на исполнувањето на европските стандарди и практики.

Истовремено Царината се докажува како сигурен партнер во обезбедувањето на конкурентско опкружување за македонскиот бизнис и трговија преку олеснување на легалниот проток на стоки и патници и обезбедување едноставни, транспарентни и предвидливи процедури и формалности.

„Дигитална Царина" останува да биде фактор двигател кон надминување на асиметријата на информации, сложеноста на постапките и физичките контакти со економските оператори. Конкретните придобивки се препознаваат во намалени трошоци, помал ризик по ефикасноста и оневозможување на коруптивни делувања.

Со здружени сили ќе се делува за беспрекорен транспорт и мобилност на луѓе, намалено време на чекање на граничните премини, унапредување на веќе практикуваниот едношалтерски систем на работење, создавање на услови за комбиниран интерактивен транспорт, проширена примена на зелените коридори.

Активностите за олеснување меѓу друго ќе опфатат и конкретни договорени мерки: ревитализирање на железничкиот транспорт, автоматски систем за мерење на тежина на возила, собирање на податоци во реално време, нови објекти на граничните премини-комбинирано за Царина и Гранична полиција, дополнителни ленти на граничните премини (за камиони, за пристап до секундарна контрола), дополнителен капацитет за паркирање.

Преку проектот **„Поддршка за трговијата и транспортот во Западен Балкан"**, со реализација на компонентата 1 - Поддршка за движењето на стоките низ Западен Балкан (а-проектирање и усвојување и имплементација на Националниот едношалтерски систем и б-Подобрување на граничните премини во селектирани коридори кои се користат за трговски размени), ќе се обезбеди очекуваната зголемена ефикасност на транспортот и намалени трошоци.

Во услови на пандемија и Царината и другите агенции кои делуваат на граница увидоа потреба да дополнителни електронски услуги без примена на документи во хартија. Новите решенија треба да бидат усогласени со можностите на корисниците и да бидат компатибилни со системите за електронска размена на документи користени во трговијата. Неизбежна е соработката со приватниот сектор и за договарање и во домен на заеднички обуки.

Е-трговијата игра клучна улога во растот на малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија. Затоа Царината целосно се залага за нови значајни отскоци во

олеснувањето и дигитализацијата на постапките на увоз на мали пратки од странство во системот на прекугранична е-трговија, како и на постапката за извоз, со можности фирмите да вршат продажба и извоз на нивните производи на странските пазари.

**Стратешки цели:**

### 6.2.1 Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на Европската унија

Активности на стратешко делување:

- Измени на Царинскиот закон - законски измени во делот на пропишаната прекршочна мерка одземање на стоките предмет на прекршок, за целосно усогласување со пресудите на Европскиот суд за човекови права;
- Нов Царински закон со кој се регулираат нови дигитални постапки, нови одобренија, право на сослушување кога се носи негативна одлука, нови термини на царински постапки, нови дигитални системи (усогласување со новиот Царински закон на Унијата);
- Уредба за спроведување на новиот Царински закон (пропишување на услови, критериуми, рокови за постапување според новиот Царински закон);
- Упатства за спроведување на новиот Царински закон (за увоз, извоз, транзит, гаранции, внес на стока на царинско подрачје и др.);
- Измени на Законот за застапување, за регулирање на натамошна дигитализација на размената на податоци, предавање на обуките на стопанските комори, олеснување на условите за стекнување на лиценца за вршење на работи за застапување во царинските постапки;
- Уредба за ослободување од плаќање на увозни давачки;
- Понатамошно усогласување на регулативата за акцизите со измени и дополнувања на Законот за акцизите, правилниците кои произлегуваат од истиот и интерните упатства, во правец на потполна усогласеност со регулативата на ЕУ (воведување на одредби за следење на суров тутун и денатурирање на алкохол, усогласување со Директивата на ЕУ број EU 2020/262 за општите аранжмани за акцизни давачки).
- Измени на Законот за Царинска управа, во насока на олеснување на трговијата.

### 6.2.2 Дигитализација на царинските и акцизни постапки

Посебно внимание ќе биде посветено на дополнителна дигитализација на процесите и надградба на постоечката опрема (хардвер, софтвер и лиценци) за нејзино спроведување.

Имплементацијата на стандардите за интероперабилност согласно Националната платформа за интероперабилност е област која Царинската управа ја опфаќа во фазите на

планирање, дефинирање на потребите и имплементација на проектите за развој на нови ИКТ системи, земајќи ги во предвид националните прописи од областа на електронското управување и електронските услуги, електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги. Се применуваат соодветно потребите и стандардите за интерконективност и интероперабилност со ИКТ системите на ЕУ.

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компаниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците.

Ќе се работи на воведување на целосна безхартиена околина во царинската постапка преку имплементација на електронски системи од програмата е-Царина (Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ - MASP), што се компатибилни со системите и постапките во Европската унија.

Продолжува ангажманот за подготовка за интерконекција и интероперабилност со системите на ЕУ и имплементација на системи усогласени со системите на ЕУ, а кои можат да бидат воспоставени пред пристапувањето во ЕУ. Активностите од првата фаза на спроведување (до 2023) се однесуваат на развојот на транзитниот систем НКТС фаза 5, како и национален развој на другите ИКТ системи, согласно Стратегијата за развој на ИКТ на Царинската управа 2021-2025. Паралелно ќе се работи на натамошна анализа за целосно усогласување со системите на ЕУ преку имплементација на идните проекти од втората фаза (2024-2025).

Активности на стратешко делување за воспоставување на **интерконективност и интероперабилност со системите на ЕУ и системите од националниот владин домен:**

- Развој и имплементација на измените на Новиот Компјутеризиран Транзитен Систем – Фаза 5 и имплементација на новата архитектура на Системот за интеркомуникација со европските системи;
- Развој и имплементација на националниот домен на Системот за регистрација и идентификација на економските оператори (EORI) и Единствено управување со корисниците и дигиталните сертификати (UUM&DS);
- Имплементација на националниот домен на системите за Задолжителна тарифна информација, Surveillance, Управување со царинската тарифа;
- Развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window);
- Развој и имплементација на Систем за управување со контролите и истрагите;
- Имплементација на националниот домен на Системот за царински и акцизни одлуки (MEOC);
- Имплементација на измените на Системот за управување со референтни податоци;
- Имплементација на националниот домен за е-трговија усогласен со ICS2;
- Унапредување на Системот за увоз и извоз во СОЦДАД;

- Унапредување на Системот за акцизи во СОЦДАД.

### 6.2.3 Модернизација на царинската ИКТ инфраструктура за поддршка на работењето

Планиран е развој и имплементација на податочен склад (Data Warehouse) со цел обезбедување на услови за целокупност, еднозначност и максимална искористеност на податоците и податочните модели во Царинската управа.

Ќе биде воспоставен податочен центар на оддалечена локација (Disaster Recovery) за обезбедување на неопходните побарувања и стандарди за заштита на податоците, обезбедување на соодветна заштита на системите од непогоди, како и континуитет во работењето.

Ќе се имплементираат нови е-иницијативи во царинското работење (е-трговија, е-банкарство, е-учење).

Ќе биде имплементиран ISO/IEC 27001 (Стандард за систем за безбедност на информации), кој треба да ги опфати сите ИТ процеси поврзани со ИТ безбедноста и заштитата, апликациите, податоците и ИКТ системите, поставени во Податочниот центар (сервер сала) лоциран на централната локација на Царинската управа во Скопје, како и неопходните процеси во Податочниот центар на резервната локација (Disaster recovery center) која е во финална фаза на имплементација.

Ќе се работи на зголемување на административниот капацитет и надминување на проблемот со недоволен број на вработени во Секторот за ИКТ (еден од постојаните заклучоци во извештаите од ИТ мониторинг мисиите на DG TAXUD).

### 6.2.4 Олеснување на трговијата преку регионална економска интеграција

„Отворен Балкан" како иницијатива во која засега членуваат Северна Македонија, Албанија и Србија има за цел да го промовира и да го развива капацитетот на регионот и да донесе конкретни придобивки за граѓаните и за бизнисите, преку зајакната економска соработка и унапредување на слободата на движење на луѓе и добра.

Активности на стратешко делување:

- Меѓусебно признавање на одобренијата за **Овластен економски оператор**

  По потпишување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор - безбедност и сигурност (ОЕОС) со Република Србија во август 2019 година, во декември 2021 година со Република Србија беше потпишан Протокол за спроведување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор - безбедност и сигурност (ОЕОС), со завршен процес на валидација на взаемното признавање на програмите за ОЕО.

Во декември 2021 година е потпишан Договор и со Република Албанија. По ратификација на договорот, следува потпишување на протокол и процес на валидација на ОЕО програмата на Албанија.

Успешно е завршена валидацијата на ОЕО програмата на Република Северна Македонија и добиен е позитивен извештај од ЦЕФТА[6] Тимот за валидација, со учество на претставник од Европската комисија во својство на набљудувач. Се очекува одлука за взаемно признавање на ОЕО програмите во ЦЕФТА Страните. Следен интерес и следни чекори се создавање на услови и разгледување на можностите за взаемно признавање на ОЕО програмите со Европската унија.

Изразен е интерес за потпишување на договор за взаемно признавање на ОЕО програмите со Народна Република Кина.

- Проширена мрежа на **зелени коридори**, со достапност 24/7 и воведување на зелени коридори со ЕУ

  Примената на зелени коридори е проширена на сите гранични премини во регионот (мај 2021). Покрената е иницијатива за зелени коридори со Грција и Италија.

- Воведување на **заеднички гранични контроли** на селектираните гранични премини и намалување на времето на чекање на граничните премини до 70% од сегашното време на чекање

  Со Република Србија веќе се воспоставени „заеднички контроли (One Stop Shop)" за меѓународен патен сообраќај, на граничните премини за влез и излез, каде интервенираат и царинските и полициските службеници.

  За заеднички контроли со Република Албанија е потпишан Договор за спроведување на One Stop Shop, кој треба да биде ратификуван во Собранието. Разменети се драфт верзии на имплементациони договори за кои претстои договарање.

  Со Косово е потпишан договор за заедничко гранично регилирање на железничкиот сообраќај (Блаце), со потпишан имплементационен протокол (царински контроли, размена на информации, одржување и функционирање на уредите за комуникација и др.). За заеднички контроли во патен сообраќај, разменета е драфт Спогодба и одржан е првичен состанок.

- Проширена и подобрена примена на **управување со ризик во рамки на ЦЕФТА** и систематска размена на електронски податоци (SEED) до сите агенции вклучени во царинење на стока.

  Во средината на 2022 година се очекува да се започне со оперативна примена на електронска размена на фитосанитарните сертификати меѓу земјите од Отворен Балкан - Република Северна Македонија, Република Србија и Република Албанија,

[6] Central European Free Trade Agreement

како и помеѓу останатите ЦЕФТА страни. Електронската размена на другите гранични документи преку SEED+ проектот се очекува да се воспостави во текот на третиот квартал на 2022 година. За обработка на овие електронски документи и нивната размена ќе се применува системот TRACES NT кој го користат и во земјите на ЕУ и кој од страна на Европската Комисија преку проектот SEED+ е дониран за имплементација во рамките на ЦЕФТА страните, со што преку документите и процесите опфатени во системот се очекува да се воспостави и примени европската пракса и законодавство, што е во основа на Дополнителниот Протокол 5, потпишан од ЦЕФТА страните.

- Воведување на регионален пазар за е-трговија со усвојување на најважни усогласени правила и принцип на внатрешен пазар, преку олеснување на царинењето на пратки и надминување на праксата на ограничен пристап (geo-blocking).

## 6.3 Стратешки приоритет „Заштита на општеството"

Растечките закани од организиран криминал, тероризмот, како и опасноста од болести и нови закани во областа на забраните и ограничувањата бараат соодветно вклучување на Царинската управа во однос на заштитата на здравјето, безбедноста и сигурноста на граѓаните и општеството.

Надзорот над синџирот на снабдување ќе се базира на управување со ризик што ќе обезбеди побрз проток на стока и патници, а контролите ќе се вршат селективно со цел заштита на финансиските интереси на националната економија, како и заштита на општеството и животната средина. Големиот број на расположливи податоци, како од Царината, така и од другите институции, вклучувајќи и од меѓународната размена ќе бидат обработувани со современи системи и алатки, што ќе обезбеди нивна подобра анализа. Клучен фактор за квалитетна анализа на податоците се вработените и истите ќе бидат постојано обучувани за зајакнување на нивните капацитети. Соодветната распределба на контролите, пред царинење, за време на царинските постапки и по царинење ќе обезбеди баланс на правилно користење на расположливите ресурси.

Поинтензивната примена на новите технологии со себе ќе носи нови и зачестени форми на криминал, како што се криминални дејствија поврзани со податоци, cyber закани. Царината ќе треба посветено да се подготвува за спремно делување преку подобрување на капацитетите, примена на најдобрите средства и иновативни технологии и соодветна обука.

Царинската управа како еден од државните органи надлежни за гонење на сторители на кривични дела ќе учествува во спроведување на координирани мерки за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, што ќе бидат преземени од надлежните институции и ќе делува за јакнење на меѓуинституционалната и меѓународна соработка, посветувајќи адекватни технички и кадровски капацитети. Од квалитетот на разменети информации ќе зависи успешноста во откривање, документирање и процесирање на случаи на перење на пари и финансирање на тероризам.

Царинската управа како орган на Правосудна полиција во претстојниот период ќе се ангажира и на кадровско и институционано јакнење на капацитетите за спроведување на финансиски истраги, финализирање на започнатите оперативни процедури за финансиски истраги, воспоставување на ефикасен систем за размена на податоци за таа цел. Посебен предизвик за сите институции ќе биде воспоставување на воедначена статистика заснована врз воедначена методологија за евидентирање на постапки за финансиски истраги (Track record).

Посебно внимание ќе биде посветено на оперативните единици кои треба да бидат составени од доволен број на вработени со соодветен профил, да се одликуваат со

способност за делување во секакви ситуации, како цврст фактор во превенирање и детектирање на незаконски дејствувања, разубедување од намерата за починување на такви активности и одлучно справување со нив.

Ќе има предизвици и во доменот на заштита на правата од интелектуална сопственост, посебно во домен на фалсификувани стоки кои се нудат преку електронската трговија, каде ќе треба да се настапува со проактивни мерки, подобра соработка со другите институции и учесници во е-трговијата, подигање на свеста кај компаниите и потрошувачите, позачестени координирани акции за борба против фалсификување. Активностите за запознавање со ризиците од користење на фалсификувани производи, во вид на кампањи и информативни настапи, ќе бележат континуитет. Повеќе и поквалитетни информации ќе се разменуваат за селектирање на контролите кои треба да бележат интензивирање и кај поштенските и брзите пратки.

Поштенските и брзите пратки ќе бидат подлегнати и на позасилени контроли фокусирани на откривање на оружје, делови и компоненти на оружје и муниција.

**Стратешки цели:**

### 6.3.1 Сузбивање на нелегалната трговија и организираниот криминал

Во Западен Балкан оперираат криминални мрежи инволвирани во недозволена трговија со контролирани супстанци, оружје, лица и мигранти. Регионот е најкраток коридор помеѓу земјите на извор и земјите што се одредиште на хероин. Се констатира поврзаност помеѓу дрогата, криминалот и тероризмот, што е нотирано и во високите политики на Советот за безбедност на Обединетите нации. Тероризмот, радикализацијата и организираниот криминал се сметаат за најголема закана не само за Западниот Балкан и поширокиот регион, туку и за Европската унија.

Се преземаат заеднички активности за подобрување на капацитетите за борба против организиран криминал: унапредено електронско евидентирање и размена на информации на национално и меѓународно ниво, модернизирање на опремата за вршење на гранични контроли, набавка на нови технички средства за видео надзор и за подобрување на мобилноста и капацитетите за брз одговор.

Ќе бидат зајакнати заедничките контролни механизми за поефикасен и координиран одговор на недозволената трговија и организираниот криминал преку селектирани контроли.

Договорено е формирање и операционализирање на Заедничка меѓуагенциска единица која ќе вклучи Проект за комуникација на аеродрорми (оперативна комуникација во реално време меѓу аеродромите за спречување и борба против транснационален криминал и тероризам ЕРКОП/AIRCOP) и Програма за контрола на контејнери (градење на капацитети за подобрено управување со ризик, безбедност, синџир на снабдување, олеснување на

трговијата во пристаништата, аеродромите и копнените гранични премини со цел да се спречи недозволено прекугранично движење на контејнери ПКК-ССР). Се работи за заедничка активност на Европската унија и Службата на Обединетите нации за борба против дрога и криминал-UNODC, со која ќе бидат опфатени Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Северна Македонија и Косово.

Со поддршка на UNODC ќе се работи и на јакнење на финансискиот систем за борба против тероризам (Strengthening the Counterterrorism Finance System), за откривање, истражување и разбивање на финансирањето на тероризмот. Активностите за сузбивање на финансирање на тероризам ќе вклучат обуки што ќе траат до декември 2022 година.

Паралелно со координирање на институционалните капацитети за детекција, превенција и одговор на сите форми на терористички појави и активности, ќе се зајакнуваат и капацитетите за спроведување на финансиски истраги како суштинска алатка за модерен и ефективен одговор на криминалните закани, вклучително и финансирање тероризам, преку која се обезбедуваат нови докази за кривично гонење за криминални активности, разоткривање на цели криминални мрежи, вклучително и нивните транснационални последици, што е клучно во развојот на превентивни и проактивни активности преку дизајнирање алатки за откривање и следење на перење пари, финансирање тероризам и други сериозни злосторства (планирано развивање на паралелни финансиски истраги во сите случаи на сериозен криминал). Ќе се ревидираат постојните Стандардни оперативни процедури за водење на финансиски истраги и нивно усогласување со Стандардната оперативна процедура на Јавното обвинителство и на другите институции кои водат финансиски истраги.

Ќе бидат преземени активности согласно **Акцискиот план за сузбивање на сивата економија,** за подобрување на стручните кадри од областа на инспекторските служби во надлежните институции во насока на ефикасни резултати во борбата против сивата економија, спроведување на релевантна компаративна анализа и соодветна примена на позитивните примери од компаративните искуства, изработка на прецизни регистри со цел ефикасно лоцирање на релевантните сектори во кои е евидентирано највисоко ниво на сива економија.

Ќе се работи на **воспоставување на размена на податоци со владини институции преку Системот за интероперабилност.** Царинската управа се јавува во улога на корисник на Системот за интероперабилност и при размента на податоците со други владини институции може да биде давател или приматеl на услуги (податоци). Размената се спроведува врз основа на претходно доставено барање и потпишан меморандум со другата иституција. Согласно тоа и активностите околу размената се планираат по воспоставената комуникација врз основа на барањето.

### 6.3.2 Обезбедување на ефикасно управување со акцизните добра

Активности на стратешко делување:

- Развој на политики, системи, постапки и инструменти за ефикасна контрола и наплата на акцизите преку усогласување, унапредување и примена на регулативата согласно најдобрите национални и европски практики;
- Понатамошен развој и унапредување на електронскиот бесхартиен систем за управување со акцизните документи, а со цел забрзување и поедноставување на акцизните постапки и зголемување на надзорот и контролата на акцизните добра;
- Зголемување на ефикасноста на акцизните контроли преку воведување на таргетирани контроли на високоризични акцизни добра;
- Интензивирање на соработката со деловната заедница, развој на соработката со релевантните агенции во земјите на ЕУ и меѓународните институции.

Ќе биде воспоставен систем за обележување и следење на тутунски производи (цигари) преку системот TRACK&TRACE кој се базира на дигитална идентификација на производите со аплицирање на единствен идентификатор во форма на дигитален код на пакувањето на производот во процесот на производство. Дигиталниот код содржи сигурносни мерки против фалсификување и овозможува последователно следење на движењето на конкретниот производ од производителот до првото малопродажно место.

### 6.3.3 Зајакнување на областа „забрани и ограничувања"

Активности на стратешко делување:

- Зајакнување на заштитата на правата од интелектуална сопственост преку натамошно усогласување на националната со европската регулатива;
- Борба против организирани мрежи – воведување на нова компетенција „Фалсификати" во Секторот за контрола и истраги – Заштита на потрошувачот и животната средина, посебно за производи штетни по здравјето и безбедноста;
- Комуникација со царинските аташеа за борба против меѓународен организиран криминал;
- Редовни состаноци со надлежните институции за издавање на дозволи, одобренија или согласности за соодветната царинска постапка, како и организирање на заеднички настани, работилници и обуки;
- Подобрено следење на хемикалиите со двојна употреба што се користат за производство на дрога;
- Поуспешно откривање на закани и опасни и недозволени стоки во проток на поштенски пратки и пратки со пакети, без нарушување на прототкот;
- Засилување на капацитетите за спречување на злоупотреба на поштенски услуги од страна на криминални и терористички групи во нивната намера да пренесат одредена недозволена стока;

## 6.4 Стратешки приоритет „Организациски и инфраструктурен развој"

Сите активности што ќе бидат преземени за модернизирање на Царинската служба ќе бидат согласно определбата на современите европски служби да се биде проактивен, да се делува хомогено со сите учесници, со посветеност кон иновации и одржливост. Воспоставување на канал на податоци со доверливи партнери и ефикасни механизми на споделување на податоци престојат како предизвик.

Развојните движења ќе се прилагодуваат и кон напредокот што го бележи бизнис секторот. Царината мора да вложува во опрема, инфраструктура, истражување и иновации. Мудро треба да се делува за предвидување и целосно насетување на ризиците и надминување на слабостите во областите каде се осознава можна ранливост.

Користењето на понапредни технологии ја наметнува потребата и за подобрени компетенции и вештини на самите царински службеници, во услови на поголема примена на софтвери за набљудување, скенирање, следење, лабораториски испитувања и сл. Системот за стручно оспособување ќе мора да биде зајакнат и навремено да делува за професионално надоградување на царинските службеници. Со програмата за постојани стручни обуки треба да биде опфатен секој вработен во Царинската управа.

Високо ниво на интегритет секогаш е приоритетен домен на делување за постигнување на ефикасна царинска служба во 21-от век, кон што тежнеат сите членки на Светската царинска организација, во рамки на која се разменуваат практични примери и совети за спроведување на мерки и иницијативи за подигнато ниво на интегритет. Не е прифатливо да има корупција и други форми на отсуство на интегритет кои загрозувачки делуваат на мисиите и целите на царинските служби.

Промовирањето на интегритетот бара заедничко дејствување на царинските служби, другите погранични агенции, приватниот сектор и учесниците во глобалната трговија.

И на државно ниво се оформува поширок фронт на борба против корупцијата. Законите сами по себе не се доволни и треба да се допре до интегритетот на поединците и институциите. Со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 се трасирани заеднички и одлучни дејствувања на тој план.

### 6.4.1 Зајакнување на системот за управување со човечките ресурси

Активности на стратешко делување:

- Нов Закон за Царинската управа, кој меѓу другото како поважни измени вклучува одредби за пристап на Царинската управа до поголем број на податоци, процент од конфискуван имот во постапка во која учествувала Царинската управа да биде

вратен во Буџетот на Царинската управа, воведување на статус на Правосудна полиција за вработените во Секторот за професионална одговорност при Царинската управа (согласно Законот за кривична постапка чл. 46, 47).
- Воведување на царински компетенции во процесите на управување со човечки ресурси;
- Подобрување на системот за обука и професионален развој;
- Понатамошно зајакнување на системот за оценување на работата на царинските службеници;
- Воведување на платформа за далечинско учење, што ќе опфати и примена на Мултимедиална библиотека на ЕУ за царина и оданочување;
- Развој на ИКТ системот за управување со човечки ресурси.

### 6.4.2 Спроведување на мерки за спречување на несоoодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола

Активности на стратешко делување:

- Имплементација на национални стратегии и програми за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, која овозможува координирано и воедначено собирање, обработка и анализа на податоците за превенција и борба против корупцијата;
- Унапредување на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата и другите институции вклучени во борбата против корупција;
- Подобрување на механизмот на професионална отчетност и интегритет со користење на најдобри меѓународни практики преку унапредување на воспоставените системи за професионално, законско и етичко постапување;
- Имплементирање на мерки за зајакнување на интегритетот и афирмација на позитивно однесување на вработените кое го унапредува чесното и етичко однесување во извршување на нивните службените должности;
- Зајакнување на редовните и вонредни внатрешни контроли и истраги;
- Унапредување на воспоставениот систем на само-проценка на високо ризичните процеси подложни на корупција во севкупното работење на Царинската управа;
- Подигнување на јавната свест за пријавување случаи на корупција преку организирање и спроведување на кампањи за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
- Имплементација на нов Систем за видео надзор со можност за селектирање и обезбедување на снимен материјал за потребите на службите на Царинската управа, но и на надворешните институции кои работат на проблематика на сузбивање на криминал и корупција;
- Воведување на систем за телесни камери за царински службеници на граничните премини-набавка и инсталирање на опрема со која ќе се врши снимање на сите

активности кои ги имаат царинските службеници во текот на нивното работење на граничните премини.

### 6.4.3 Модернизација на инфраструктурата на граничните премини

Изградбата и реконструкцијата на граничните премини ќе опфати:

- Развој на гранична инфраструктура помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, опремување и модернизација на ГП Богородица и ГП Стар Дојран;
- Изградба на нов граничен премин со Република Грција- Маркова Нога;
- Реконструкција ГП Делчево;
- Реконструкција ГП Деве Баир;
- Опремување и модернизација на ГП Ќафасан;

Активностите ќе бидат насочени кон:

- Подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку развој на инфраструктурата на граничните премини;
- Воведување на автоматизиран систем за управување со терминалите на граничните премини;
- Замена на старата и поставување на нова опрема (нови ваги, агрегати, рампи);
- Подобрување на енергетската ефикасност на објектите;
- Замена на постоечките системи за ладење и греење во објектите,со нови еколошки;
- Поставување на опрема-панели за производство на електрична енергија на објекти на Царинската управа;

### 6.4.4 Подобрување на контролата на квалитетот на работните процеси

Со доекипирање на Одделението за внатрешна ревизија ќе се подобри квалитетот на внатрешните ревизии кои ќе бидат спроведувани со поголем ангажман на високото раководство. Приоритет на ревизорско опсервирање ќе бидат процесите со препознаен ризик на повисоко ниво. Внатрешните ревизии во својот фокус ќе ги опфатат и новите процеси што ќе произлезат од модернизација. Ќе се практикува изнесување на резултатите од планираните и спроведени ревизии за соодветно планирање на следните чекори кои треба да допринесат за општо подобрување и надминување на постоечките и предвидените веројатни ризици кои треба да се контролираат и надминуваат.

Ќе биде развиен нов електронски ДЕПОЗИТАР на документи како подмодул во ЛУКА системот, за унапредена евиденција на сите интерни акти (упатства, процедури и сл) и екстерни акти (закони, уредби, правилници и останати подзаконски акти) по кои

постапуваат вработените во Царинската управа, како и за полесен пристап на вработените до документацијата.

Интегрираниот информациски систем (ИИС) ќе биде надграден во модулот ЕДМС – управна постапка, со измена на работниот тек на управната постапка во ЕДМС за Службата за управна постапка, кој ќе биде усогласен со измените на Законот за општа управна постапка.

### 6.4.5 Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии

Целосно имплементирање на новиот Закон за буџети и новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола и нивно спроведување

Активности на стратешко делување:

- Зголемување на ефикасноста и транспарентноста на јавните финансии;
- Подобрување на буџетскиот процес од буџет заснован на инпути кон буџет насочен кон резултати;
- Обезбедување на континуирана поддршка за подобрување на финансиската одговорност и капацитет на лицата овластени за преземање на финансиски обврски како главни корисници на одобрените буџетски средства;
- Примена на дисциплинирана буџетска потрошувачка со акцент на рестриктивност и контрола на помалку продуктивните трошоци за сметка на зголемување на инвестиционите вложувања во капитални проекти и подобрување на инфраструктурата;
- Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Царинската управа.

### 6.4.6 Промоција и меѓународна соработка

Активности на стратешко делување:

- Следење и прифаќање на инструментите на Светската царинска организација за олеснување на трговијата и зголемување на сигурноста на меѓународните синџири на снабдување;
- Унапредување на Царинската управа преку соработката со други царински служби, склучување на договори, меморандуми за соработка, спогодби;
- Покривање на потребите за унапредување на Царинската управа соодветно на стратешките реформи;
- Учество во Програмите на Заедницата – Царина 2027, ИПА Програмите, TAIEX и твининг програмите;

- Учество во состаноците на Генералната дирекција за царини и оданочување – DG TAXUD;
- Промовирање на билатерална соработка со царинските управи од не-европскиот регион;
- Организација на промотивни активности и настани.

# 7 Главни фактори за успех

За успешната имплементација на оваа Стратегија за развој и дефинираните цели и мерки, Царинската управа ќе се потпира на политичката посветеност и поддршка, стабилните услови за работа, соодветните финансиски и човечки ресурси, спроведувањето на организациски промени и надминување на предизвиците на национално ниво.

# 8 Завршни одредби

Оваа Стратегија за развој стапува во сила на денот на нејзиното потпишување.

За спроведување на утврдените стратешки цели се одговорни сите организациони единици, во координација со Службата за стратешко планирање-Одделение за проекти и стратешко планирање, во рамки на Секторот за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање.

Реализацијата на стратешките приоритети и цели од Стратегијата е поддржана со разработен Акционен план во кој се дефинирани: **клучни индикатори за успешност по приоритети, стратешки ориентирани активности, со мерливи индикатори за изведба/успешност, рокови и потребните ресурси за нивно реализирање**.

За реализација на активностите во Акциониот план на Царинската управа на Република Северна Македонија 2022-2024, што се спроведуваат за постигнување на стратешките цели од овој документ, редовно ќе се информира врз основа на утврдените индикатори на успешност.

Во случај на отстапување од очекуваните резултати, ќе се пристапи кон прилагодување и преземање на дополнителни мерки.

Со донесување на оваа 01.10.00.СТ.047.01 Стратегија за развој на Царинската управа на Република Северна Македонија 2022-2024 престанува да важи 01.10.00.СТ.044.01 Стратешкиот план на Царинската управа на Република Северна Македонија 2021-2023 година бр. 01-015113/21-0001 од 17.03.2021 година.

# 9 Записи

01.10.00.СТ.047.01-ОБ.01.01 Акционен план на Царинската управа на Република Северна Македонија за период 2022-2024

Директор
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-009052/22-0001
Скопје, 25.02.2022 г.

25 -02- 2022

| | |
|---|---|
| Стратегијата ја подготви: | Служба за стратешко планирање |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Служба за стратешко планирање во Одделение за проекти и стратешко планирање-Сектор за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање |